**Република Северна Македонија**
**ОСНОВЕН СУД**
**БИТОЛА**
**11.02.2025 година**

**МАЛВП-566/2024**

# П О К А Н А
**за одговор на тужба**

Во правната работа на ТУЖИТЕЛОТ **ДТТУ 05 СТАРТ ДООЕЛ Битола од Битола**, застапуван од _______________, против ТУЖЕНИОТ **Бирхан Мусовски од Битола,** застапуван од _______________, основ , вредност 3.000.00.

**ТУЖЕНИОТ ДА ДОСТАВИ ПИСМЕН ОДГОВОР НА ТУЖБА ВО РОК ОД 15 ДЕНА.**

Доколку не дадете одговор на тужба, судот ке донесе пресуда поради неподнесување на одговор на тужба, доколку се исполнети условите предвидени во чл.319 ст.1 т.1-4 од ЗПП.

**Овластен службеник**
_______________

**Правна Поука:**
Туженият е **должен** да даде **писмен одговор на тужба** во оставениот рок ( чл.269 ст.2 од ЗПП).
Ако тужениот го оспорува тужбеното барање во одговорот на тужба должен е да ги наведе фактите, врз кои ги заснова своите наводи и доказите со кои се утврдуваат тие факти и е должен да ги приложи исправите на кои се повикува ( чл. 270 ст.2 од ЗПП).
Ако по приемот на одговорот на тужба, судот утврди дека мегу странките не е спорна фактичката состојба и дека не постојат други пречки за донесување на одлука, судот може да донесе одлука и без закажување на рочиште (чл. 270 ст.4 од ЗПП).
Ако тужениот не поднесе одговор на тужба во оставениот рок судот ке донесе пресуда поради неподнесување на одговор на тужба ако бидат исполнети условите од чл.319 ст.1од точка 1 до 4 од ЗП.
Ако тужениот во одговорот на тужбата ги признава решителните факти, независно од тоа што го оспорил тужбеното барање, судот може да донесе **пресуда без одржување на расправа** ако не постојат други пречки за нејзиното донесување (чл. 321 од ЗПП).

---

**ОСНОВЕН СУД БИТОЛА**

**МАЛВП-566/2024**
Ев.**11.02.2025**

**Петар Чаловски**

**Д О С Т А В Н И Ц А**

Бирхан Мусовски
ул.Козјак бр.22
Битола

Се доставува: Покана за одговор на тужба и тужба со докази, рок 15 дена

Потврдувам дека го примив горespоменатиот акт денеска на (со букви)
_______________
_______________

_______________20____ година.

Примил
_______________

Предавањето го извршил
_______________

на _______________20____год.

**Образец СД 33 (Член 202 од Судски деловник)** - Покана за одговор на тужба
Формат: (500х320)

Примерок за странка/

МАЛВП-566/2

**АДВОКАТ ТРИФКО НЕДЕЛКОВ ОД БИТОЛА**

Ул.,,Борка Левата,, број 3

Тел.078 286 516

Е. адреса: advokattrifkonedelkov@gmail.com

Електронско сандаче: advokattrifkonedelkov

Број на лиценца 0606

---

Прилог:

**Доказ за платена такса**

**ДО**

**ОСНОВЕН СУД БИТОЛА**

**Б И Т О Л А**

**ТУЖИТЕЛ**: Друштво за трговија ,транспорт и услуги 05 СТАРТ увоз-извоз ДООЕЛ Битола.

Скратен назив: 05 СТАРТ увоз-извоз ДООЕЛ Битола.

Седиште: ул „Влатко Миленкоски" бр. 84 Општина Битола.

Законски застапник:Билјана Андоновска - управител

Email : avtoskolastart@yahoo.com

ЕМБС: 6040250. ЕДБ: 4002005169019.

( Според податоци од Тековна состојба во прилог)

**Жиро Сметка**: 290200000363597 Депонент на ТТК Банка Ад Скопје

**Полномошник**: адв. Трифко Неделков од Битола,( со податоци како погоре), според полномошно во прилог.

**ТУЖЕН:**Бирхан Мусовски од Битола

Со адреса.: ул. „Козјак" Бр. 22.

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОСНОВЕН СУД 08 JUL 2024

ВРЕДНОСТ: 3.000,00 денари

ОСНОВ: Долг по договор

**Т У Ж Б А**

**Во два примероци до Судот**

Тужителот во своето работење како претежна дејност врши обука на кандидати за возачи, т.н. „автошкола".

ДОКАЗ: Прилог: Тековна состојба

Со тужениот беше постигнат договор за обука на кандидат за возач од „Б" категорија, на ден 28.10.2022 година.

Во исто време на тужениот му се дадени поволности и склучен е и Договор за одложено плаќање на рати за обуката.Вкупниот износ од 25.000,00 денари тужениот требаше да ги плати на шест еднакви месечни рати.

ДОКАЗ: Договор за начинот на плаќање на обука за возач.

Двете договорни страни: тужителот и сега тужениот го потпишаа договорот.

Тужителот својата обврска ја изврши. Обуката за кандитат-возач за ,,Б,, категорија е извршена во целост.

Тужениот својата обврска делумно ја изврши и остана должен на тужителот износ од 3.000,00 денари.

Тужителот на тужениот му испрати опомена пред тужба.

ДОКАЗ: Опомена пред тужба со доказ за прием на пратка.

Тужениот до денот на поднесување на оваа тужба долгот од 3.000,00 денари го нема платено.

ДОКАЗ: Сослушување на странки.

Согласно член 18 од Законот за облигационите односи:

,,Договорот е склучен кога договорните страни се спогодиле за суштествените состојки на договорот,,.

Согласно пак член 5 од ЗОО:

,,Во засновувањето на облигационите односи и остварувањето на правата и обврските од тие односи учесниците се должни да се придржуваат кон начелото на совесност и чесност,,.

Согласно член 251 став 1 од ЗОО:

,,(1) Доверителот е обврзан односно е овластен да бара од должникот исполнување на обврската, а должникот е должен да ја исполни совесно во сето како што гласи таа,,.

Согласно член 266 став 1 од ЗОО:

,,(1) Должникот кој ќе задоцни со исполнувањето на парична обврска долгува, покрај главнината, и казнена камата,,.

Во конкретниот случај согласно договорот,тужителот ја исполни својата обврска во целост, додека тужениот својата обврска-плаќање на услугата само делумно.

Поради наведеното предлагаме Основен суд Битола како стварно и месно надлежен да ја донесе следната:

П Р Е С У Д А

Тужбеното барање на тужителот Друштво за трговија,транспорт и услуги 05 СТАРТ увоз-извоз ДООЕЛ Битола се уважува.

Се задолжува тужениот Бирхан Мусовски на тужителот, во рок од осум дена, да му плати износ од 3.000,00 денари со казнена камата во висина на референтната стапка на НБРСМ во последниот ден на полугодието кое му претходело на тековното полугодие зголемена за осум процентни поени, и тоа почнувајки од 05.04.2023 година па се до конечната исплата на долгот.

Се задолжува тужениот на тужителот да му ги плати трошоците на постапката.

ТРОШКОВНИК ДО ПОДНЕСУВАЊЕ НА ТУЖБА:

1. За состав на тужба со паушал 1.300,00 денари.
2. За состав на опомена пред тужба 1.300,00 денари.
3. Судска такса за тужба 480,00 денари.
4. Судска такса за пресуда 480,00 денари
5. Таковна состојба 240,00 денари

Битола,08.07.2024 година

За тужител,

Полн. Адв. Трифко Неделков,